Центар за Управување со Промени

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

# СОДРЖИНА


## ВОВЕД

## I РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

- СЛЕДЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ — СТР. 4
- ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ — СТР. 6
- НОСЕЊЕ ПРОМЕНИ – ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА — СТР. 8
- СЛЕДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПРАВДА — СТР. 10
- МОИ ПАРИ, МОЈА ОДГОВОРНОСТ: ПАРТИЦИПАТИВНО РАКОВОДЕЊЕ СО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА — СТР. 12
- НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ ПОМЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА — СТР. 14
- РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ — СТР. 16
- ИЗВЕДБЕНА РЕВИЗИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ — СТР. 18

## II ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА — СТР. 20

„ПРОМЕНАТА НЕМА ДА ДОЈДЕ ДОКОЛКУ ЧЕКАМЕ
НЕКОЈА ДРУГА ЛИЧНОСТ,
ИЛИ ДОКОЛКУ ЧЕКАМЕ НЕКОЕ ДРУГО ВРЕМЕ.
НИЕ СМЕ ОНИЕ КОИШТО ГИ ЧЕКАВМЕ.
НИЕ СМЕ ПРОМЕНАТА КОЈАШТО ЈА БАРАМЕ."

- БАРАК ОБАМА

# ВОВЕД



Ако погледнеме на 2018-та година од оваа дистанца можеме да заклучиме дека на политички план годината ја одбележаа мноштво важни настани кои имаа влијание врз различни сектори во општеството, а со тоа и врз нашите активности кои ги спроведуваме како организација.

Процесите за интеграција на Р.Македонија во евро-атланските организации, во текот на 2018 година беа главен приоритет на новата Влада и целото внимание беше насочено во тој правец. Овие владини напори беа дополнително зајакнати и преку честите посети на земјата од страна на високи меѓународни претставници, кои ја даваа поддршката на заложбите на Владата за интеграција во ЕУ и НАТО, меѓутоа во исто време истакнувајќи дека тоа е единствено можно откако ќе се реши билатералниот спор за името со Грција.

Во април 2018 година, Европската комисија ни го врачи извештајот за напредокот на земјата во нејзиниот пат за интеграција во ЕУ, при што се нагласува дека државата заслужува безусловна препорака.

Во јуни 2018 година, Владата информира дека е постигнатото решение околу спорот за името со Грција. Владите на Македонија и Грција, на грчката страна на Преспанското Езеро го потпишаа Договорот за решавање на спорот за името и стратешко партнерство т.н Преспански договор. „Република Северна Македонија"е новото име за севкупна употреба. Грчкиот парламент го ратификува и договорот за името и протоколот за полноправно членство на Македонија во НАТО.

Веќе следниот месец по потпишувањето на Договорот со Грција, генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, на Самитот во Брисел официјално му ја врачува поканата на премиерот Зоран Заев за започнување на преговорите за членство во Алијансата, со што Република Северна Македонија би станала 30-та членка на НАТО.

На 30 септември 2018 година се одржа консултативниот референдум за промена на името односно за членство во ЕУ и НАТО преку прифаќање на договорот со Грција, при што излезноста на граѓаните беше 36,91 отсто. Од оние кои гласаа, 97,12 отсто гласаа „за" и се изјаснија позитивно на референдумското прашање.

Резултатите од референдумот дополнително ги продлабочија постоечките разлики и тензиите помеѓу двата политички блока преку интерпретирање на бројките од референдумот, за СДСМ поддршка за членство во ЕУ и НАТО е обезбедена, ВМРО-ДПМНЕ сметаше дека референдумот е неуспешен. Во ваквиот политички контекст Центарот за управување со промени своите приоритети ги насочи кон областа на добро управување во јавната администрација, еден од темелните услови во процесот на приближување кон Европската Унија.

Повеќето наши проекти директно или индиректно и во 2018 го поддржаа реформскиот процес на јавната администрација, со постојано залагање од наша страна за вклучување на локалните самоуправи, граѓанските организации и институции во сите проекти. Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација постигнати се резултати коишто треба да помогнат во јакнење на капацитетите на јавната администрација во областа на стратешко планирање, оценка на политики, стратешка отчетност и комуникација помеѓу институциите, добро управување со човечки ресурси, подобрување на процесот на вработување на високо раководство, подобри услуги на јавниот сервис и отвореност и транспарентност во јавната администрација.

Направивме истражувања со цел проценка на обемот на јавната администрација, постоечките процедури и постапки за вработување во државната администрација, наспроти нејзината ефикасност и квалитет на услуги за граѓаните *(Следење административна правда)*. Во делот на раководење и управување во јавниот сектор, особено внимание привлече проценката на обемот на управните и надзорните одбори и колку државни буџетски средства се одлеваат за истите. Креиравме веб алатка како што е Инфо преглед и аналитика за избрани и именувани лица (gi.el.mk)

Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) учествувавме во градење на законската рамка за висока раководна служба, која ги утврдува критериумите според кои ќе се избираат идните раководители на институциите.

Помогнавме во подобрување на транспарентноста и отчетноста на јавната администрација преку подготовка на Стратегијата за отворени податоци и порталот за отворени податоци www.data.gov.mk

Работевме на подоготвка на Методологијата за функционална анализа во јавната администрација и поддржавме неколу институции во спроведување на ФА и подоготвка на планови за подобрување на работењето (*Носење промени – ефективна јавна администрација и добро управување).*

Формиравме мрежа на 18 граѓански организации кои што фокусирано работеа на следење на квалитетот на услугите

во своите локални самоуправи. Го поддржавме МИОА во анализа на повеќе од 300 закони и внесовме 1200 услуги во Каталогот на услуги, со кои ќе се обезбеди олеснет пристап на граѓаните до услугите, од едно централно место (проект: *Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавните услуги).*

Формиравме уште една мрежа на 14 граѓански организации и ги зајакнавме нивните капацитети да ја следат работата на локалните самоуправи според 6$^{те}$ СИГМА стандарди. Креиравме веб алатки за пребарување на дата бази на податоци на кој може да се направи споредба на општините во исполнување на стандардите за добро управување (opstina.mk) (проект: *Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредностите за добро управување).*

Преку проектот - *„Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните мали и средни претпријатија во земјата"* беа продолжени активностите кои вклучија менторска програма и обука за примена на меѓународните стандарди во работењето на малите и средни претпријатија, при што македонските компании се стекнуваат со значајна конкурентска предност и меѓународна препознатливост, што пак треба да резултира со зголемување на извозот и соработката со интернационални компании.

Паралелно со поддршка на претприемништвото, особено внимание даваме на родовите политики и зајакнување на позицијата на жените како претприемачи и како носители на позиции на моќ *(Проект за развој на микропретпријатија за жени во преку-гранична област).* Проектот има за цел да го поддржи развојот на женското претприемништво во прекуграничната област помеѓу Република Северна Македонија (Полог) и Република Албанија (Елбасан) и развивање на бизнис релации помеѓу жените од овие региони со посебен фокус на микро претприемништво.

Направивме истражување/ревизија на државните пензионерски домови за Министерството за труд и социјална политика, со цел подобрување на квалитетот на живот на резидентите кои живеат во домовите и финансиската одржливост на домовите *(Изведбена ревизија на државните пензионерски домови).* Дадовме повеќе предлог модели за одржливо финансиско раководење на на овој тип установи.

Продложуваме понатаму, со иста енергија, ентузијазам и посветеност и во следната година.

# I РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

# СЛЕДЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

Проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредностите за добро управување" се темелеше на воспоставување стандарди за добро управување во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и следење на работата на општините во однос на исполнување на овие стандарди. Проектот е финансиран од Европската Унија, а Центарот за управување со промени го спроведуваше во партнерство со Асоцијацијата за менаџмент консалтинг МКА-2000 и Центарот за истражувачко новинарство СКУП. Мрежата на граѓански организации од секој регион во земјата, која беше формирана во рамките на овој проект, го спроведе процесот на мониторинг согласно изработените стандарди за добро управување и поставената мониторинг методологија. Врз основа на мониторингот беа изработени мониторинг извештаи за функционирањето на локалната администрација во 5 области:




Надоврзувајќи се на резултатите од мониторинг извештаите, беа организирани јавни дебати во сите региони, со претставници од општините и граѓански организации од релевантните региони. Целта на дебатите беше да се дискутира околу резултатите и да се предложат препораки како може да се подобрат идентификуваните недостатоци.







*ОБЈАВЕНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „СЛЕДЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ" СЕ ДОСТАПНИ НА ЛИНКОТ:* [HTTP://WWW.CUP.ORG.MK/PROJECTSPAGE.PHP?ID=22]






Во насока на промоција на резултатите беа изработени 5 документарни филмови кои во форма на истражувачки стории ги обработија дел од наодите. Воедно, беше изработен порталот opstina.mk на кој може да се најдат сите истражувања за работењето на општините, спроведени во рамките на проектот.

Притоа, може да се прави споредба на општините според различни индикатори од областите од стандардите за добро управување. Исто така, порталот дава можност за креирање визуелизации на податоците за избраните индикатори и преземање отворени податоци. На завршната конференција на проектот која се одржа во декември 2018 година учествуваа градоначалници, советници, граѓански организации и претставници на академскиот сектор. Целта на конференцијата беше да се промовираат сите резултати на проектот и да се отвори дебата за потребните промени во иднина.

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...

„ПРЕКУ ПРОЕКТОТ УСПЕАВМЕ ДА ИЗГРАДИМЕ МРЕЖА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ НА СЛЕДЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО И ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ ДА ГИ РАЗВИЈАТ СВОИТЕ КАПАЦИТЕТИ ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ. ОД ДРУГА СТРАНА, ГИ ПОТТИКНАВМЕ ОПШТИНИТЕ ДА НАПРАВАТ ПОДОБРУВАЊЕ ВО СВОЈАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРЕКУ ПРИМЕНА НА ДЕЛ ОД ОВИЕ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ.“



**МАРТИН ТОДЕВСКИ**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

# ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Во декември 2017 година започна нашиот проект „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавните услуги", чија главна цел е јакнење на учеството на граѓанските организации во реформата на јавната администрација, како приоритетна реформа за членство во Европската Унија. Проектот се стреми да придонесе кон воспоставување на цврста мрежа за дијалог и подобрување на јавните услуги меѓу надлежните институции и граѓаните, што е нераскинлив дел од доброто управување и приоритет во реформата на јавната администрација.

Во 2018 година успешно продолжија да се спроведуваат активностите според предложениот план и динамика:

01

Еден од најважните постигнати резултати е формирањето на мрежата на граѓански организации за дијалог со администрацијата и активно учество во процесите на креирање на политики поврзани со јавните услуги.

Вкупно 18 организации, покрај Центарот за управување со промени и Зенит, се членки на мрежата. Организациите учеснички воспоставија тековна врска и соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и други централни институции преку повеќе заеднички состаноци во текот на 2018 година. Благодарение на работилниците и на состаноците организирани од проектот, членовите на мрежата значајно ги градат своите капацитети за истражување, анализа, следење и оценка на реформите поврзани со јавните услуги. Мрежата на граѓанските организации направи и концепт за иновативна ИТ алатка за комуникација на задоволството на граѓаните од јавните услуги.

02

Проектот спроведе и истражување за задоволството на граѓаните со испораката на јавните услуги. Истражување вклучуваше телефонска анкета на 1300 интервјуирани лица и теренска анкета на 250 лица, репрезентативни за целата територија на земјата, возраст, пол, образование и етнички демографски групи. Со анкетата беа опфатени повеќе области поврзани со испорака на јавните услуги и тоа: општо задоволство, однос на испорачателот и систе`м на жалби и повратен одговор на јавна услуга, корупција кај јавните услуги, квалитет, начин на испорака, период на испорака и цена на јавните услуги.

03

Каталогот на јавни услуги е електронска алатка развиена од Министерството за информатичко општество и администрација, вклучена во функционирањето на Националниот портал на услуги, заедно со врските за интероперабилност (меѓусебното поврзување на електронските системи) помеѓу институциите и електронскиот регистар на граѓани. Главната цел на Каталогот е да состави една единствена листа на сите јавни услуги и да ги обезбеди основните информации за услугите за граѓаните на едно место. Во рамки на проектот беа внесени потребните податоци за 621 услуга од вкупно 82 закона. Покрај внесувањето на податоците за услугите, тимот на правни експерти подготви и анализа на овие закони кои регулираат јавни услуги, со препораки за подобрување на правната рамка за обезбедување на поефикасни и поедноставни јавни услуги.

04

Во рамките на проектот беше подготвена и објавена публикација која претставува каталог на најфреквентни услуги во животот на еден граѓанин според најчестите настани во животот (на пр. раѓање, идентификација, патување, здравствена и социјална грижа, школување и смрт). Публикацијата одговара на 14-те најчесто поставувани прашања од граѓаните за избрани 14 услуги (достапна на: http://www.cup.org.mk/publications/14%20FAQ_mk.pdf).

05

Како основа за оценка на националните постигнувања во однос на испораката на јавните услуги, проектот подготви компаративна анализа на најдобрите ЕУ практики во врска со испораката на јавните услуги.

Тековните домашни реформи се ставени во контекст на практиките во Европа во обезбедувањето подобри, попристапни и поправедни јавни услуги, вклучувајќи ги и начините на кои се обезбедуваат услугите - електронски/

традиционални, преку јавно-приватно партнерство со бизниси или ГО, преку соработка меѓу институциите, а заради обезбедување достапност на јавните услуги за различни социјални категории, високи стандарди и поголема транспарентност.

Препораките од сите анализи и истражувања на проектот ќе резултираат во сеопфатен Патоказ за подобрување на јавните услуги од технички, правен и организациски аспект во 2019 година.

***ОБЈАВЕНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ" СЕ ДОСТАПНИ НА ЛИНКОТ:***
*HTTP://WWW.CUP.ORG.MK/PROJECTSPAGE.PHP?ID=27*

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ИСКРА БЕЛЧЕВА РИСТОВСКА**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

„ПРИДОНЕСУВАМЕ ЈАВНИТЕ УСЛУГИ ДА СЕ СПОРАЧУВААТ ПОБРЗО, ПОЕФИКАСНО И ПОЕВТИНО ЗА ГРАЃАНИТЕ. ВОСПОСТАВИВМЕ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ НА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЕДНА СТРАНА И НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД ДРУГА СТРАНА, СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ, ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И ОПЕРАТИВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ ТОКМУ СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ. АКО МОЖЕЛЕ ЕСТОНЦИТЕ ДА СТАНАТ ЕВРОПСКИ ЛИДЕРИ ВО ЕФИКАСНА ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ ПОЧНУВАЈЌИ ОД ПОНЕПОВОЛНА ПОЗИЦИЈА ОД НАШАТА, ЗОШТО НИЕ ДА НЕ МОЖЕМЕ ДА СТАНЕМЕ ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ЗА ЦЕЛИОТ РЕГИОН?"

# НОСЕЊЕ ПРОМЕНИ – ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во 2018-та година започнавме со нова програма за поддршка на процесот на реформи во јавната администрација, финансирана од Британската амбасада во Скопје, каде краен корисник е Министерството за информатичко општество и администрација на РС Македонија.

Проектот се фокусира на 4 компоненти (Слика 1).

**СЛИКА 1.**




Во првата компонента го поддржавме процесот на изработка на предлог – Законот за висока раководна служба, со кој се утврдува системот и критериумите за избор на раководителите на институциите во РС Македонија. Воедно, работевме на компаративна анализа на најдобри практики за процеси на селекција и управување со перформанси на раководители на институции. Преку новата законска рамка за висока раководна служба ќе се направи значителна реформа на јавната администрација во земјата, бидејќи сите раководителина институциите, покрај министрите, ќе бидат избрани во транспарентна постапка и постапка заснована на заслуги, со цел да се изберат најдобрите апликанти, и значително да се влијае на департизацијата на институциите од јавниот сектор.

Во компонентата II за воспоставување структури и процеси на отчетност започнавме со анализа на постојните практики на организациска поставеност и отчетност во секторските институции. Вклучивме меѓународна експертиза која ќе ни помогне во воспоставување процедури за планирање и отчетност во секторски институции. Резултатите од оваа компонента ќе служат за реформирање на процесот на планирањето на државните институции, а особено секторското планирање, односно развој и имплементација на заеднички секторски цели во група на институции.

Во делот на управување со човечки ресурси (Компонента III), работиме на функционална анализа во Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, вклучувајќи изработка на планови за подобрување. Исто така, ангажиравме експертиза за изработка на Стратегија за развој на човечки ресурси во Министерството за труд и социјална политика. Спроведувањето на функционална анализа се темели на Методологијата за функционална анализа, која беше изработена во претходната фаза на проектот за реформа на јавната администрација, финансиран од Британската амбасада во Скопје.

На крај, дадовме значаен инпут во Каталогот на јавни услуги (Компонента IV), преку анализа на повеќе од 20 закони и поврзани подзаконски акти, односно внесување на информации за 117 јавни услуги во Каталогот.
Каталогот за јавни услуги ќе се користи во рамките на националниот портал за услуги кој ќе биде воспоставен, заради објавување поедноставни и структурирани информации за услугите кои ги обезбедуваат институциите, а кои се потребни за граѓаните и бизнисите.

# ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...

„ПРОЕКТОТ ЈА ПРЕТСТАВУВА КОНТИНУИРАНАТА ЗАЛОЖБА НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ И БРИТАНСКАТА АМБАСАДА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА. ПРЕКУ ПРОЕКТОТ УСПЕАВМЕ ДА ЗАПОЧНЕМЕ ПРОЦЕС НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ЗАСЛУГИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ВРАБОТУВАЊЕ НА ВИСОКО РАКОВОДСТВО ВО ИНСТИТУЦИИТЕ, ДА ГО ПОДОБРИМЕ СЕКТОРСКОТО ПЛАНИРАЊЕ, ДА ЈА УНАПРЕДИМЕ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НЕКОЛКУ ИНСТИТУЦИИ, НО И ДА ПРИДОНЕСЕМЕ КОН ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И КОМПАНИИТЕ."



**МАРТИН ТОДЕВСКИ**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**



# СЛЕДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПРАВДА

Проектот „Следење на административната правда“, финансиран од страна на Владата на Обединетото Кралство преку Британската амбасада во Скопје, започна во август 2016 година и беше предвиден до крајот на март 2018-та година, но со екстензија на договорот продолжи заклучно до крајот на јуни 2018-та година.

Проектот го следеше и набљудуваше спроведувањето на законските одредби за ефикасна и професионална државна и јавна администрација. Следењето, во глобала, ги опфати процедурите и постапките за вработување во државната и јавната администрација, нејзиниот обем и ефикасност и последователно квалитетот на услугите наменети за граѓаните. Во рамки на проектот, секој квартал имаше посебен предмет на набљудување и истиот започнуваше со поставување индикатори, прибирање на податоците, нивна обработка и изготвување и публикување на извештај за утврдените состојби. Врз основа на заклучоците, за секоја од набљудуваните теми се нудеа решенија и препораки за надминување на проблемите кои биле идентификувани.

Во периодот од јануари до јуни 2018-та година, беа изготвени два крупни тематски блока. Од кои едниот беше поврзан со квалитетот на услугите наменети за граѓаните, со два извештаи подготвени и публикувани во две клучни области – делот на социјалните услуги и делот на услугите од областа на јавното здравство. Двете публикации беа промовирани и приближени до јавноста и соодветните институции на голема национална конференција која се одржа на 5-ти април 2018, со учество на двата министри во наведените области и повеќе од 90 релевантни претставници од двата услужни сектори - социјални услуги и јавно здравство.

Секоја од препораките на политиката беше дискутирана и разработена заедно со релевантни претставници од социјалните и јавните здравствени институции. Другиот поголем тематски блок се однесуваше на обемот на управните и надзорните одбори, како и делот на истражувањето кое се однесува на тоа колку пари од буџетот се одлеваат на име управни и надзорни одбори. Во овој блок беа анализирани и основата и постапките за избор на членовите на управен и надзорен одбор, како и



законските основи и критериуми за избор на високите државни и јавни службеници во нашата држава.

Во рамки на овој тематски блок беа подготвени два извештаи исто така. Едниот е Извештајот за избрани и именувани лица, а другиот е Правната анализа за усогласеноста законите од областа на јавната администрација, како и основата и критериумите кои го регулираат изборот на високите службеници во јавната администрација.



Во врска со избраните и именуваните лица, беше организирана панел-дебата на 10-ти мај 2018 година. На панел-дебатата присуствуваа околу 65 претставници од институции и невладиниот сектор, заедно со министерот и со други клучни претставници од Министерството за информатичко општество и администрација. Присутните успееја да ги извлечат и споделат нивните ставови и препораки за следните чекори и реформи потребни во оваа област. Неколку препораки и заклучоци од извештајот беа потврдени и од пошироките граѓански претставници. Сите обединети податоци беа подготвени и достапни како нова веб-алатка за пребарување за сите кои сакаат дополнително да го анализираат и решаваат ова прашање. Главните наоди беа споделувани на социјалните мрежи, за да може соодветно да се гради јавното мислење и став по овие важни прашања од општествен карактер. Вториот извештај беше дистрибуиран и споделен на настан организиран за претставници од релевантни институции кои се одговорни за РИА процесот или т.н регулаторен импакт асесмент и истите се запознаа со најважните наоди и заклучоци поврзани со темата.

***ОБЈАВЕНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „СЛЕДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПРАВДА“ СЕ ДОСТАПНИ НА ЛИНКОТ:***

*HTTP://WWW.CUP.ORG.MK/PROECTSPAGE.PHP?ID=20*

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ГОРДАНА СТЕФКОВСКА ВЕЉАНОВСКА**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

„УТВРДИВМЕ ОДРЕДЕНИ ТРЕНДОВИ ПОВРЗАНИ СО ЕФИКАСНОСТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И УСПЕАВМЕ ДА ГИ ПРИБЛИЖИМЕ ДО ГРАЃАНИТЕ. ШТО Е УШТЕ ПОВАЖНО, ИЗВЛЕКОВМЕ НАВИСТИНА ИЗДРЖАНИ ПРЕПОРАКИ И ИСТИТЕ СТИГНАА ДО СООДВЕТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИТЕ. ОСТАНУВА ДА СЛЕДИМЕ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД КОЛКУ ОД НИВ НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СПРОВЕДАТ ВО ПРАКСА. СЕКАКО РЕПЕРОТ И СТАНДАРДИТЕ СЕ ПОСТАВЕНИ.“

# МОИ ПАРИ, МОЈА ОДГОВОРНОСТ: ПАРТИЦИПАТИВНО РАКОВОДЕЊЕ СО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Центарот за управување со промени како дел од неформалната FISCAST мрежа на граѓански организации, во мај 2017 потпиша договор за соработка со Институтот за економски истражувања и политики – Finance Think, со што го отпочна процесот на спроведување на активностите кои се дел од проектот „Мои пари, моја одговорност: Партиципативно раководење со буџетот на општините во Македонија", финансиран од страна на USAID, Civic Engagement Project – East-West Management Institute.

Како една од најважните активностите која беше спроведена во декември 2017 година беше потпишувањето на Меморандумот за соработка со Општината Ѓорче Петров од Скопје, што претставува почеток на една долга и сестрана соработка со оваа општина и најава за успешните



активности кои ќе следат во насока на ефикасно спроведување и реализација на проектот.

Улогата на Центарот за управување со промени во овој проект е промовирање на принципите на отворено владино партнерство и создавање на средина во која што политичкиот дијалог, транспарентноста и отченоста на општините, како предуслов за приближување на земјата кон европските стандарди на владеење, ќе придонесе кон јакнење на интегритетот на националните и локалните самоуправи. Една од основите цели на проектот е да се подобри праксата и учеството на локалните засегнати страни во процесот на локално буџетирање и да се зголеми ефикасноста на трошењето на општински пари. Посебните цели/задачи на проектот вклучуваат:

- Зголемување на учеството на локалните заинтересирани страни – граѓанското општество, бизнис заедницата, граѓаните, локалните медиуми – во процесите на локално буџетирање;
- Зголемување на свеста на локалното население за тоа како трошење на општинските пари влијае на квалитетот на нивниот живот;
- Зголемување на кредибилитетот и ефикасноста на одлуките на локалните власти во врска со трошењето на јавните пари, како и подигање на свеста за потребата од транспарентност во врска со тоа.

Во насока на постигнување на поставените цели Центарот за управување со промени спроведе активности кои придонесоа кон доближување на клаузулата за која што се залагаат граѓанските организации кои го спроведуваат овој проект.

Некои од нив се:

- Одржани средби и консултации меѓу партнерите кои се дел од овој проект како и редовни средби со раководните структури во рамки на Општината и со сите засегнати страни кои функционираат на територијата на Општина Ѓорче Петров, со цел нивно запознавање со процесот и објаснување на важноста и потребата за нивно вклучување во истиот;
- Обука за партиципативно буџетирање на која што активно учество зема и градоначалникот Александар Наумоски, како и голем број на вработените во Општината, социјални центри, претставници на основните школи и граѓански организации кои функционираат на територија на Општина Ѓорче Петров. Сите засегнати

страни кои земаа учество на оваа работилница беа запознаени со начинот на спроведување на процесот на партиципативно буџетирање и имаа прилика детално да се информираат за идните активности кои ќе следат за кои самите изразија потреба да бидат активно вклучени;

Отворање на информативно катче во рамки на општината, каде што граѓаните ќе можат да дојдат во секое време и да се информираат за процесот, како и да земат од материјалите кои се изложени на картонска сталажа која беше изработена специјално за оваа намена и која ги има карактеристиките на традиционален штанд за изложување на материјали со цел конкурентно промовирање на истите и информирање на сите засегнати страни. Сталажата беше одобрена од нашите донатори на настанот, USAID;

Подготовка и спроведување на Форум за партиципативно буџетирање, кој се спроведе во Домот на културата на Општина Ѓорче Петров, каде што учество земаат голем број на вработени во општинската администрација и голем број на засегнати страни кои функционираат на територија на Општина Ѓорче Петров. Овој вид на форуми придонесуваат за зголемување на чувството на припадност на граѓаните и сите засегнати страни кон Општината во која што функционираат, живеат и работат. На овој Форум беше десеминиран и Прирачникот за учество во буџетскиот процес во општините во Македонија, кон чија што изработка свој придонес даде и Центарот за управување со промени.

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ВЕСНА ГЛИГОРОВА**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

„ПРИДОНЕСУВАМЕ ЗА ЗГОЛЕМЕНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА БУЏЕТСКО ПАРТИЦИПИРАЊЕ И ВО СОЗДАВАЊЕТО НА АКТИВНИ ЖИТЕЛИ КОИ САМИ ОДЛУЧУВААТ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ВО КОЈА ШТО ЖИВЕАТ, НО, ИСТО ТАКА И ЗА ЗГОЛЕМЕНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ТРОШЕЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА И ЈАКНЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА КОЈА ГРАЃАНИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ИМААТ КОН ОПШТИНАТА ВО КОЈА ШТО ЖИВЕАТ. ВОЕДНО, АКТИВНОСТИТЕ КОИ СЕ ДЕЛ ОД ОВОЈ ПРОЕКТ ПРИДОНЕСУВААТ ВО СОЗДАВАЊЕ НА ПОСИЛНИ ВРСКИ ПОМЕЃУ ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И ЛОКАЛНАТА ОПШТИНА И НАЈВАЖНО ОД СÈ ПРАВЕДНО И ЕФИКАСНО ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА."

# НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ ПОМЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА

Во 2018 година успешно продолжија активностите на нашиот проект „Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните мали и средни претпријатија во земјата", кој започна кон крајот на 2017 година. Главната цел на проектот е да се воспостават и/или подобрат врските меѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании кои работат во нашата земја, што ќе доведе и до зголемување на конкурентноста на домашниот бизнис сектор.

Посетивме над 70 компании, направивме интервјуа преку кои дојдовме до заклучоци кои ни даваат насоки како да се зголеми соработката меѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании кои работат на територијата на Република Северна Македонија. Како најважно го извлековме следново: најголема поддршка во зголемувањето на соработката може да се оствари преку подобрување на информираноста на домашните мали и средни претпријатија за тоа кои се барањата и потребите на мултинационалните компании.

Особено е важно да се остваруваат директни средби помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании. Овие средби може да се реализираат преку организирање на саеми или отворени работни средби, каде странските компании од одредена дејност ќе имаат отворен ден за своите постојани и потенцијални добавувачи, ќе можат да ги презентираат своите иновации, нивни производи и сл. Исто така, од големо значење е да се формира мрежа на поврзување на домашните компании кои работат во иста дејност и произведуваат исти или слични производи/услуги, да се поврзат меѓусебно за да можат да одговорат на барањата на мултинационалните компании во однос на количеството и обемот на производство имајќи предвид дека најголем дел од домашните компании се со мал капацитет и самостојно не можат да одговорат на барањата за понуда на мултинационалните компании.

Врз основа на истражувањата, може да се констатира дека домашните компании немаат изградено соодветна професионална етика и потребно е да се работи на нејзино подобрување.

За таа цел, од корист би било да се обезбедат дополнителни обуки за деловно однесување (подобрување на пристапот во промовирање на компанијата, од кодекс на облекување, вокабулар кој се користи во деловниот речник, подобрување на деловниот англиски јазик, реално претставување на капацитетот и можностите на компанијата и сл.).

Најголем проблем со кој се соочуваат домашните мали и средни претпријатија во процесот на проширување на капацитетите на производство е недоволниот кадар и непостоењето на можност да се најде искусен и стручен кадар.

Во рамките на проектот, спроведовме и две обуки за претставниците од домашните мали и средни претпријатија, кои се од големо значење за нивната понатамошна работа. Обука за меки вештини која се состоеше од: дефинирање на основните принципи за воспоставување на соработка на домашните мали и средни претпријатија со мултинационална компанија и подобрување на комуникациски и презентациски вештини со цел стекнување знаење и вештини за презентација и промоција на производите и услугите пред мултинационални компании и воспоставување соработка.



Преку обуката за техничко-технолошки и професионални стандарди утврдивме дека стандардизацијата е еден од позначајните фактори за намалување на јазот помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании.



Преку воведување и акредитирана сертификација на меѓународните стандарди, особено на оние што не се толку често имплементирани, македонските компании се стекнуваат со значајна конкурентска предност и меѓународна препознатливост, што пак резултира со зголемување на извозот и соработката со странски и меѓународни компании. Исто така, компаниите добиваат и правна сигурност во однос на почитувањето на законските барања од соодветната област, што пак од своја страна резултира со дополнителни предности како намалување на трошоците од евентуални казни за прекршување на законските барања, полесно добивање на овластувања и дозволи од локалните и државните власти, подобрен углед и создавање доверба кај бизнис заедницата.

# ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ЈАСНА ПАЈКОВСКА, ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

„КАКО РЕЗУЛТАТ НА ДОСЕГАШНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ БЕА ПОСТИГНАТИ ОДРЕДЕНИ ПРИДОБИВКИ ВО ДЕЛОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ, А СО ТОА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ ВО ЗЕМЈАТА. ОВИЕ ПРОМЕНИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА НА ПРИЧИНИТЕ ЗА НЕДОВОЛНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДОМАШНИТЕ И МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ ВО ЗЕМЈАТА, КАКО И УТВРДУВАЊЕ НА СЕГМЕНТИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗАЈАКНАТ ПРЕКУ МЕНТОРСТВО И ОБУКИ. ВРЗ ОСНОВА НА ДОБИЕНИТЕ НАОДИ БЕА РЕАЛИЗИРАНИ ПОТРЕБНИТЕ ОБУКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ВЕШТИНИТЕ КАЈ ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ВО ДЕЛОТ НА КОМУНИКАЦИСКИ И МЕНАЏМЕНТ ВЕШТИНИ, КАКО И ПОТКРЕНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ ЗНАЕЊАТА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА ИСО СТАНДАРДИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО.“

# РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ

Проектот за развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област е финансиран од страна на Делегацијата на Европската унија во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу РС Македонија и Република Албанија за 2014 – 2020 година. Истиот има за цел да го поттикне и поддржи развојот на женското претприемништво во прекуграничниот регион, како и да помогне во воспоставување на врски помеѓу жените претприемачки од двете страни на границата.

Проектот започна во април 2018 година и трае 30 месеци односно до септември 2020-та година. Главни фокусни региони во кои истиот се спроведува се Полог на македонска и Елбасан на албанската страна од границата. Истиот го спроведува Центарот за управување со промени (ЦУП) како водечка организација, во партнерство со уште три други организации односно со Центарот за компаративни и интернационални студии (ЦКИС) од Тирана, Фондацијата „Егалите" од Камењане и Институтот за човекови права од Скопје. ЦУП покрај тоа што има раководна улога во проектот, го води и делот на институционално зајакнување и подобрување на владините мерки и субвенции за развој на женското претприемништво во двете земји.

Во периодот од април до декември 2018-та година, во рамки на проектот беа изработени промотивните материјали и беа контактирани повеќе од 20-тина невладини организации и локални институции во секој регион. Потоа беа организирани 4 промотивни средби, по две во секој од регионите, организирани како локални промоции и разговори за проблемите и поддршката околу започнување бизнис. Другите две средби беа структурирани како фокус дискусии со постоечки микро-претпријатија во сопственост на жени од прекуграничниот регион. На секоја од средбите присуствуваа околу 30 заинтересирани лица и претставници од локални организации, со што вкупно беа вклучени околу 120 учесници.



Неколку дополнителни мини промоции и бизнис средби беа направени во периодот од септември и октомври 2018-та година, како серија од индивидуални интервјуа и фокусни средби со жени заинтересирани за бизнис, како и постоечки компании во сопственост на жени или управувани од жени.



Беа изработени еден вид структурирани прашалници или протоколи со податоци за заинтересираните страни, кои беа користени на самите средби. Како резултат на овие средби проектот има изготвено околу 100 протоколи со податоци за жените и фирмите во секој од вклучените региони, или околу 200 вкупно на двете страни од границата. Врз основа на овие податоци беше изработена и предлог програма за бизнис планирање и инвестициски развој. Беа формирани групите, по две групи на двете страни од границата со по околу 25-28 жени во просек вклучени во секоја од групите. Програмата за обуки во делот на започнување и развој на бизнисите започна кон крајот на октомври 2018-та година во соработка со Фондацијата „Егалите". До крајот на годината беа организирани по две обуки во просек со секоја од групите во двата региони, или вкупно 6 обуки од областа на бизнис планирање. Дополнително, беше подготвена и изведена една работилница од областа на економско-правен консалтинг во Полошкиот регион од страна на партнерската организација – Институт за човекови права. Истата се однесуваше на мотивирање на жените да се вклучуваат повеќе во различни бизнис иницијативи за обезбедување своја егзистенција. Исто така, ЦУП и партнерската организација од Тирана, започнаа со изработка на две физибилити студии, по една за секоја од земјите, ги прибраа податоците и ги вообличија студиите во прелиминарна верзија. Студиите истовремено се фокусираат и на предлог мерки и препораки за долгорочен и одржлив развој на женските бизниси и женското претприемништво.



***ОБЈАВЕНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ СЕ ДОСТАПНИ НА ЛИНКОТ:***

*HTTP://WWW.CUP.ORG.MK/PROJECTSPAGE.PHP?ID=26*

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ГОРДАНА СТЕФКОВСКА ВЕЉАНОВСКА**
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**

„ВО ОДНОС НА ОВОЈ ПРОЕКТ, 2018-ТА ЈА СМЕТАМ ЗА КЛУЧНА ГОДИНА, ПРЕД СÈ ЗАРАДИ ТОА ШТО ГИ ПОСТАВИВМЕ ТЕМЕЛИТЕ НА ПРОГРАМАТА НАМЕНЕТА ЗА ЖЕНИТЕ СЕГАШНИ И ИДНИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ. БЕШЕ ПРЕДИЗВИК ДА СЕ ОФОРМАТ ГРУПИТЕ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЖЕНИ, КАКО И ДА СЕ ОСМИСЛАТ И ИСПОРАЧААТ УСЛУГИ КОИ ЌЕ ГИ ПОДГОТВАТ ЗА БИЗНИС И ЌЕ ИМ ПОМОГНАТ ВО ВОДЕЊЕТО НА БИЗНИСОТ. НО, НА КРАЈ, СЕПАК ИМАМЕ ОДЛИЧЕН РЕЗУЛТАТ, ПРЕЗАДОВОЛНА СУМ ОД ГРУПИТЕ ЖЕНИ И ОНА ШТО ТИЕ НА БИЗНИС СРЕДБИТЕ ГО РАЗМЕНУВААТ МЕЃУСЕБНО. ТИЕ СЕ ЗБЛИЖИЈА, РАЗМЕНУВААТ ИНФОРМАЦИИ И ИДЕИ, СЕ ПОДДРЖУВААТ И СИ ПОМАГААТ, НАВИСТИНА МОЌНО. ЗАДОВОЛСТВО Е ДА СЕ БИДЕ СО НИВ И ДА СЕ БИДЕ ДЕЛ ОД ОВАА ПРОМЕНА."

# ИЗВЕДБЕНА РЕВИЗИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ

Во 2018-та година Центарот за управување со промени даде свој придонес за старосните политики во земјата преку анализа на домувањето во пензионерите домови коишто се „под капа" на државата. Оваа анализа произлезе како потреба на Министерството за труд и социјална политика, а со поддршка од Светска банка, преку Секторот за условни парични трансфери, со цел отпочнување на длабоки социјални реформи. Студијата го опфати начинот на финансиско управување со пензионерските домови, постоечката правна регулатива, како и условите и квалитетот на живот во домовите. Целта на студијата беше да се подобрат политиките на социјална заштита на старите лица/пензионери, поточно подобро таргетирање на корисниците на ова право, подобар систем на управување, подобрување на процесот на надзор и ревизија, одржливо финансиско управување на пензионерските домови и подобри услови за живот.

Анализата содржеше **три главни сегменти**:

**1.** Кои се најдобрите пракси во светот (со фокус на политики на Европската унија) во сегментот на социјално домување;

**2.** Каква е сегашната состојба на пензионерските домови во РС Македонија (теренско истражување);

**3.** Која е промената што треба да се случи за постигнување на „паметно, иновативно и одржливо решение" (Европа 2020) за пензионерските домови во РС Македонија.

Преку активностите во рамки на проектот беа постигнати неколку клучни резултати, и тоа:

**Прво,** анализа на правната рамка генерално лоцираше слабости во смисла на застареност на одредени уредби уште на самиот почеток, кои се дел од Правилникот за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на С. Македонија (ФПИОСМ). Правилникот не е ускладен со новиот начин на функционирање на домовите, кој со време ад хок се менувал, пред и по 90-те години. Правната рамка е непрецизна односно не е јасно одредена целната група на корисници на домовите, ниту пак што се случува кога статусот на резидентот се сменил во исполнување на условите или пак има нелегален статус. Дополнително, правната рамка, која ја сочинуваат Законот за социјална заштита, Закон за домување, Закон за пензиско и инвалидско осигурување и соодветните правилници, е неусогласена.

**Втор** важен резултат на оваа студија се 4-те понудени модели за финансиско управување со пензионерските домови, темелено на анализа на состојбата во која што се наоѓаат во моментот. Основниот проблем е финансиската одржливост на домовите, досега тие претставуваат само товар за буџетот на државата, а притоа не ги испорачуваат услугите со минимално ниво на квалитет за ваков вид установи.

**Трет** важен резултат на кој што се темелат претходните два е теренската анализа на пензионерските домови и деталниот извештај за состојбата на домовите.



Со оваа анализа опфатен е квалитетот на живот на резидентите, како од аспект на инфраструктурната поставеност на живеалиштата и домовите, така и од социјален аспект. Опфатен беше примерок на резиденти од 25%, истите беа интервјуирани, вклучени во 5 фокус групи, а индивидуални полуструктурирани интервјуа беа направени со управителите и раководителите на пензионерските домови. Станарите вклучени во истражувањето, квалитетот на живот во домовите според 19 индикатори го оценија со средна оценка.

Споредено со перцепцијата на истражувачите и анкетарите на терен, како резултат на проценка добиена од спроведените фокус групи и интервјуата со раководителите на домовите, оваа оценка се чини превисока.

Во директен контакт со резидентите на сите домови, беа идентификувани неколку основни проблеми: недостиг на финансиски ресурси за одржување на становите во коишто резидентите живеат, недостиг на услуги како медицинска и психолошка поддршка на старите лица и брзо институционално постапување во случаи кога директно се кршат прописите за престој во домот или се загрозува животот на некој од станарите. Состојбата на терен покажа дека домувањето во скопските домови значително се разликува од домовите во помалите општини коишто немаат управители, така што проблемите на станарите се решаваат многу бавно, затоа што одлуките се носат на централно ниво. Анализата на пензионерските домови и деталниот извештај за состојбата на домовите, кои ги подготви ЦУП, нудат решенија за надминување на овие состојби.

## ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ИВАНА ЌУРКЧИЕВА**
**ТЕРЕНСКИ ИНСТРАЖУВАЧ**

„ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ПРЕПОРАКИТЕ НА АНАЛИЗАТА НА ДОМУВАЊЕТО ВО ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ДОМОВИ ИЗРАБОТЕНА ОД ЦУП, БЕА ПРИФАТЕНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, СО НАПОМЕНА ДЕКА ИСТИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ИНКОРПОРИРАНИ ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ДУРИ ВО 2019 ГОДИНА. РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРИМЕНА НА ПРЕПОРАКИТЕ СЕ ОЧЕКУВААТ ВО ПЕРИОДОТ КОЈ СЛЕДИ. ПРАКИТЧНО СЕ РАБОТИ ЗА ПРОМЕНИ КОИ ИЗИСКУВААТ ГОЛЕМА РЕШИТЕЛНОСТ ДОКОЛКУ САКАМЕ РЕЗИДЕНТИТЕ ВО 14-ТЕ ДРЖАВНИ ДОМОВИ НАВИСТИНА ДА ИМААТ КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ."

# II ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

# ПРОМЕНИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНАВМЕ...



**ВЕСНА БОЧВАРСКА ЦВЕТКОВСКА**
**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏЕР**

2018-ТА ГОДИНА БЕШЕ НАЈУСПЕШНА ГОДИНА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ДОСЕГА.
ВО ОДНОС НА СРЕДСТВАТА, ОВАА ГОДИНА УСПЕАВМЕ ДА ГИ ЗГОЛЕМИМЕ РЕЧИСИ ДВОЈНО ПРИХОДИТЕ ОД ГРАНТОВИ ЗА ПРОЕКТИТЕ КОИ ГИ СПРОВЕДУВАМЕ, А ЗА ПРВПАТ ОД НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ ЗАПОЧНАВМЕ СО РЕАЛИЗАЦИЈА И НА ПРЕКУГРАНИЧЕН ПРОЕКТ СО Р. АЛБАНИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНА ОБЛАСТ.

ОД ДРУГА СТРАНА, ПРИХОДИТЕ ОД СОПСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ ВО 2018-ТА БЕА ДАЛЕКУ ПОБРОЈНИ ВО СПОРЕДБА СО СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ ВО ИЗМИНАТА 2017 ГОДИНА. СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ЗНАЧИТЕЛНО БЕА ЗГОЛЕМЕНИ И РАСХОДИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО СПОРЕДБА СО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА.

ВО ПРИЛОГ Е ДЕТАЛЕН ПРИКАЗ.

| ВИД НА ПРИХОД | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| приходи од банкарски камати и позитивни курсни разлики | 3.482 | 12.048 |
| приходи од проектни грантови | 21.065.236 | 44.656.494 |
| други / сопствени приходи | 189.200 | 1.727.673 |
| пренесен вишок на приходи од претходната година | 8.159.763 | 5.256.233 |
| **ВКУПНО** | **29.417.681** | **51.652.448** |



| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| **ВКУПЕН НЕТО ПРИХОД** | **29.417.681** | **51.652.448** |
| **ПОРАСТ ВО %** | **14,73%** | **75,58%** |

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| **ВКУПЕН РАСХОД** | **23.061.450** | **36.728.564** |
| **ПОРАСТ ВО %** | | **59,26%** |

Во однос на човечкиот капитал, кој го имаме и со кој искрено се гордееме, успеавме да го зголемиме и зацврстиме тимот со 10 вработени лица кои професионално ги завршуваат своите задачи и одговараат на сите предизвици со кои се соочува нашата организација. Со цел надградба на капацитетите на тимот, редовно ги испраќаме на обуки, работилници и конференции од областа на нивен интерес. Во 2018-та година беа реализирани и 3 студиски патувања во странство, каде беа вклучени 5 од вработените во ЦУП.

Структура на постојано вработени лица во Извршната канцеларија на ЦУП - 10

1 - Извршен директор

2 - Финансиски менаџери

3 - Проектни менаџери

1 - Проектен координатор

3 - Проектни Асистенти z

Извршен одбор – 3 лица

Основачи – 5 лица

Audit Macedonia LLC
since 1995

1/1-10 Anton Popov Street
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2462 063

## Извештај на независниот ревизор

### До Раководството на Здружение за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Здружението за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ Скопје (ЦУП), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2018 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за



GGi
INDEPENDENT MEMBER

Audit Macedonia LLC
since 1995

1/1-10 Anton Popov Street
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2462 063

подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЦУП со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЦУП. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи на ЦУП, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на ЦУП на ден 31 Декември 2018 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 19 јули 2019 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Димитар Андоновски



GGi
INDEPENDENT MEMBER